


Биљана Антоска Стојанов

Господине Апостол Симовски

Државен завод за статистика

Ние Македонците од иселеништвото, кои сме неоткинливо ткиво на Македонија и

македонскиот народ, нема да се попишуваме затоа што на наместена утакмица ние не играме!

Јасно ли ви е дека после 27 април и илегалниот избор на Тaљат Џафери, после потпишувањето на договорите со Бугарија и Грција како и прифаќањето на Тиранскста платформа која наводно не постои а е скоро спроведена во целост ние Македонците од иселеништвото не ви веруваме вас, кои денес сте дел од за нас илегална власт? Не ви веруваме и затоа што Заев лажеше и се колнеше во деца, во македонска жица и што уште не дека нема да го промени името и уставот. Не ви веруваме затоа што изманипулиравте со резултатите од референдумот! Не ви веруваме затоа што сте верни послушници на меѓународната заедница и се досега од 2017 што сте направиле вклучувајќи ги и сите изборни циклуси се под влијание на меѓународната заедница и поткупени гласачи и за се што сте рекле дека нема да го спроведете сте го направиле спротивното. Од 27 април 2017 до денес се што сте направиле е спротивно на волјата на мнозинскиот македонски народ.
Овој попис господине Симовски мора да се стопира под хитно не само поради ирегуларноста и предвреме наместени те бројки туку и поради ковидот кој беснее во Македонија а врз кој никој нема контрола. Неспособноста на илегалнава влада луѓето го плаќаат со живот.

Уште еден важен факт поради кој ние Македонците од дијаспората не сакаме да се попишуваме а кој мора да го напоменам е тоа дека во формуларот барате да се идентификуваме на која етничка заедница и припаѓаме. Господине Симовски ние Македонците не сме етничка заедница туку државотворен народ. Ние не прифаќаме да бидеме сведени на етничка заедница во сопствената држава без разлика каде во светот живееме и какво друго државјанство да поседуваме.

Се извинувам на бруталноста во произнесувањето на вистината. Нема да дозволиме уште еднаш да бидеме изманипулирани од илегалци кои ја запоседнале власта спротивно од волјата на народот. И еве ви даваме до знаење дека без разлика кој е тезултатот од пописот ние нема да го прифатиме освен ако Македонците по род а без разлика на верска припадност не бидат 75%.

СТОП за лажниот попис кој се спроведува по наредба на меѓународната заедница!

https://twitter.com/billii71/status/1372529273110626306?s=21



Директорот на Државниот завод за статистика Апостол Симовски вели дека дијаспората го бојкотира пописот.

Во изјава за Канал 5 рече дека тивкиот бојкот се веројатн се должи на антикампањата за бојкот за пописот.

Според него, слабиот одзив на иселениците води во погрешна насока.

-Тоа што е мал одзивот во Австралија особено, меѓутоа и Канада и САД веројатно се должи на антикампања која знаеме дека тече и имаме информации такви. Меѓутоа уш еднаш ги охрабрувам бидејќи ова е нешто што е во интер прво на нив самите а и на државата за да собереме информации за тоа колку и каде имаме наши сограѓани, изјави Апостол Симовски.